РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1255/4
25-04-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 85-та седница одржана на 12.04.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-9202/1 од 09.11.2022 година, оформен по сопствена иницијатива после доставено новинарско прашање во врска со извршени вработувањ во Министерството за внатрешни работи на поранешни градоначалници и кандидати за градоначалници на Локалните избори одржани во 2021 година, како и вработување на блиско лице на службеното лице ______________, пратеник во Собранието на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека дел од наводите од доставеното новинарско прашање се потврдуваат, но согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема надлежност за преземање други мерки за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 09-9202/1 од 09.11.2022 година е оформен по сопствена иницијатива за постоење судир на интереси во Министерството за внатрешни работи во однос за постапка за вработување на поранешни градоначалници и кандидати за градоначалници на Локалните избори одржани во 2021 година. Лицата кои се наведени во листата се: ________________________________________________.

Согласно своите надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Министерство за внатрешни работи, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од предметот.

Од увидот во документацијата и од информациите добиени од одговорни лица во Министерството, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Лицата кои се евидентирани во евиденцијата на вработени лица во Министерството за внатрешни работи , а наведени во Барањето на ДКСК се ________________________ и истите имаат склучено Договор со МВР врз основа на законски спроведена постапка од страна на министерството без јавен оглас согласно член 76 став 1 и 3 и член 77 став 2 од Законот за внатрешни работи.

Во однос на другите две лица ____________________, МВР извести дека не се евидентирани во евиденцијата на вработени лица со која располага Министерството за внатрешни работи.

Имено, согласно член 50 и член 51 од Законот за внатрешни работи, актите за организација на МВР во која се вклучени Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбеденост, се утврдуваат со Уредба донесена од Владата на Република Македонија, додека актот за систематизација на работните места во Министерството, во кој се инкорпорирани актите на Бирото и Управата го донесува министерот со претходна согласност од Владата на Република Македонија. Согласно член 33 од Законот за внатрешни работи, во Министерството вработените имаат статус на: овластени службени лица; административни службеници, согласно Законот за административни службеници и работници согласно Законот за работните односи. **Вработувањето во МВР се врши со објавување на јавен оглас согласно член 71, а за работните места кои во актот за систематизација на работните места се утврдени со статус - овластени службени лица, како и за стипендисти на Министерството, вработувањата се вршат без објава на оглас согласно член 76 од Законот за внатрешни работи**.

Од прична што актите за организација и систематизација на работните места во МВР се класифицирани, пракса е во МВР вработувањата да се вршат по член 76 од Законот за внатрешни работи, односно без објава на јавен оглас. Ваквиот принцип на избор на лица кои ќе бидат ангажирани во МВР создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, создава услови за недоследна примена на здравствените и бебедносните проверки, ги нарушува основните уставни права на граѓаните.

Во однос на вработувањето на лицето __________________ во Министерството за надворешни работи, по добиена документација од министерството е утврдено дека за наведеното лице изготвена е Спогодба за врботување без јавен оглас со број 04-10004/22-1 од 28.03.2022 година согласно член 30 од Законот за административни службеници и член 44 од Законот за вработување во јавен сектор, односно лицето ____________, советник за социјална заштита на децата во Одделение за социјална заштита, заштита на деца и здравствена заштита – Сектор за култура, спорт,социјална заштита на децата и здравствена заштита во Куманово, е вработена без јавен оглас на неопределено време во Министерството за надворешни работи.

Поради фактот што вработувањата на наведените лица во МВР е без објава на јавен оглас согласно член 76 од Законот за внатрешни работи, постои основано сомневање за партиска влијание од Политичката партија СДСМ, исто така постои основано сомневање за влијание од пратеникот во Собранието на РСМ, Мартин Костовски при вработувањето на својата сопруга во Министерството за надворешни работи, но поради тоа што нема конкуренција и пријави на други кандидати, Државната комисија не е во можност да го утврди потенцијалното влијание и нема законска можност за натамошно постапување и преземање мерки кон наведените лица.

Службеното лице Мартин Костовски, пратеник, во законски предвидениот рок после вработување на член на неговото семејство (сопруга) во државен орган не ја извести ДКСК, со што постапил спротивно на член 56 став 2 од ЗСКСИ. а казнив по член 105 став 1 алинеја 14 од ЗСКСИ

Оттука, Државната комисија за спречување на корупцијата спроведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно член 114 став 3, од ЗСКСИ за прекршок по член 56 став 2 од ЗСКСИ, а казнив по член 105 став 1 алинеја 14 од ЗСКСИ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во законски предвидениот рок, лицето Мартин Костовски изврши уплата на предвидената глоба согласно ЗСКСИ, по што до Државната комисија достави доказ уплатница.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: Б.Ц, - советник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: Г.Т- член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

